# С О Д Р Ж И Н А

А-7 **ПОВЛАСТЕН ТАРИФЕН ТРЕТМАН**

А-7-1 **ЗАКОНСКА ОСНОВА** ........ 1

А-7-2 **ПОВЛАСТЕН ТАРИФЕН ТРЕТМАН ЗА ОДРЕДЕНА СТОКА ЗАРАДИ НЕЈЗИНАТА КРАЈНА УПОТРЕБА** ........ 1

А-7-2-1 **Услови за примена на повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзината крајна употреба** ........ 1

А-7-2-2 **Повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзината крајна употреба согласно Законот за царинска тарифа** ........ 2

А-7-2-2-1 Стока која се распоредува во тар. подброј за кое наименуванието од Царинската тарифа е со опис на крајната употреба и означено со фуснота ........ 2

А-7-2-2-2 Цивилни воздухоплови и стока за употреба во цивилни воздухоплови ........ 3

А-7-2-3 **Повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзината крајна употреба согласно други прописи различни од Законот за царинска тарифа** ........ 4

А-7-2-4 **Примери за повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзината крајна употреба** ........ 4

А-7-2-5 **Одобрение за употреба на царинска постапка со крајна употреба** ........ 5

А-7-2-5-1 Услови за издавање на одобрение ........ 5

А-7-2-5-2 Лица кои можат да добијат одобрение ........ 6

А-7-2-5-3 Барање за издавање на одобрение ........ 6

А-7-2-5-4 Видови на одобренија ........ 6

А-7-2-5-4-1 Претходно одобрение во рамките на една царинарница ........ 6

А-7-2-5-4-2 Одобрение кое што се бара заедно со царинската декларација ........ 7

А-7-2-5-5 Важност на одобрението ........ 7

А-7-2-5-6 Продолжување или измена на одобрението ........ 7

А-7-2-6 **Пренесување на стока во согласност со член 212 од Уредбата** ........ 8

А-7-2-6-1 Пренесување на стока на различни места ........ 8

А-7-2-6-2 Пренесување на стока помеѓу двајца иматели на одобрение ........ 8

А-7-2-7 **Поединости при пополнување на царинската декларација (ЕЦД) кога се користи царинска постапка со крајна употреба** ........ 8

А-7-2-8 **Исполнување на обврските од одобрението** ........ 9

А-7-2-8-1 Завршување на постапката со крајна употреба ........ 9

А-7-2-8-2 Контрола на обврските од одобрението ........ 10

А-7-2-8-3 Царински долг ........ 10

А-7-3 **ПОВЛАСТЕН ТАРИФЕН ТРЕТМАН ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВИДОТ (ПРИРОДАТА) НА СТОКАТА** ........ 11

ПРИЛОГ 1 Тарифни подброеви за земјоделски производи (Глава 1 до 24) од Царинската тарифа за кои наименуванието е со опис на крајната употреба и означено со фуснота ........ 12

ПРИЛОГ 2 Тарифни подброеви за индустриски производи (Глава 25 до 97) од Царинската тарифа за кои наименуванието е со опис на крајната употреба и означено со фуснота ........ 13

ПРИЛОГ 3 Тарифни броеви и тарифни подброеви за цивилните воздухоплови и стока за употреба во цивилни воздухоплови кои се ослободени од плаќање на царински давачки ........ 14

ПРИЛОГ 4 Одобрение за крајна употреба ........ 16

ПРИЛОГ 5 Барање за издавање на одобрение за крајна употреба ........ 17

## А-7 ПОВЛАСТЕН ТАРИФЕН ТРЕТМАН

### А-7-1 ЗАКОНСКА ОСНОВА

Законска основа за примена на повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзиниот вид или крајна употреба[1] е следнава:

- Царински закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05) со неговите дополнителни измени (во понатамошниот текст: Закон);
- Закон за Царинска тарифа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 103/05) со неговите дополнителни измени;
- Уредба за спроведување на царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" број 66/2005) и нејзините дополнителни измени (во понатамошниот текст: Уредба);
- Правилник за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 97/05) со неговите дополнителни измени;

### А-7-2 ПОВЛАСТЕН ТАРИФЕН ТРЕТМАН ЗА ОДРЕДЕНА СТОКА ЗАРАДИ НЕЈЗИНАТА КРАЈНА УПОТРЕБА

#### А-7-2-1 Услови за примена на повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзината крајна употреба

Стоката, која **поради нејзина крајна употреба** (член 20 од Царинскиот закон) се пушта во слободен промет со **помали увозни давачки** отколку оние кои поинаку би се примениле, е предмет на царински надзор во согласност со членовите 207 до 215 од Уредбата. При тоа, треба да бидат исполнети следниве услови:

- стоката да е соодветна за таква крајна употреба,
- да се поседува одобрение за употреба на царинска постапка со крајна употреба,
- стоката да биде ставена во бараната крајна употреба под царински надзор.

Под **увозни давачки** се подразбира **царина** и **други давачки со еднаков ефект** на царината. Тоа значи дека за **помал данок** (акциза или данок на додадена вредност) или **други давачки кои не се со еднаков ефект на царината**, погоре наведените услови не важат, односно одредбите на членовите 207 до 215 од Уредбата не се применуваат .

Имателот на одобрение за употреба на царинска постапка со крајна употреба е должен да ги исполни обврските од одобрението, односно обврските пропишани со членовите од 207 до 215 од Уредбата.

Царинската испостава ги превзема сите потребни мерки за идентификација на стоката за да се обезбеди исполнување на условите пропишани за царинската постапка за која стоката е декларирана.

Бидејќи таквата стока е со намалени увозни давачки, царинскиот работник мора да биде посебно внимателен во текот на царинењето.

Стоката пуштена во слободен промет со намалени или увозни давачки нула заради нејзина крајна употреба останува под царински надзор и се применуваат одредбите на член 95 од Царинскиот закон.

[1] Терминот "крајна употреба" на англиски јазик е "end use"

**А-7-2-2 Повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзината крајна употреба согласно Законот за царинска тарифа**

Во Царинската тарифа е пропишан повластен тарифен третман **заради крајна употреба на** две категории на стока и тоа:

1. Стока која се распоредува во тар. подброј за кое наименуванието од Царинската тарифа е со опис на крајната употреба и означено со фуснота: "Распоредувањето во овој тарифен подброј е во зависност од условите пропишани со определени прописи (види член 207 до 215 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија број 66/2005) и нејзините дополнителни измени)"
2. Цивилни воздухоплови и стока за употреба во цивилни воздухоплови наведени во Воведните забелешки на Дел II под А од Царинската тарифа.

**А-7-2-2-1 Стока која се распоредува во тар. подброј за кое наименуванието од Царинската тарифа е со опис на крајната употреба и означено со фуснота**

Во Прилог 1 на оваа упатство се наведени тарифни подброеви за земјоделски производи (Глава 1 до 24) од Царинската тарифа за кои наименуванието е со опис на крајната употреба и означено со фуснота: "Распоредувањето во овој тарифен подброј е во зависност од условите пропишани со определени прописи (види член 207 до 215 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија број 66/2005) и нејзините дополнителни измени)". Со овие тарифни подброеви се опфатени: стока за производство на фармацевтски производи; стока за индустриско производство на прехранбени производи (риба за конзервирање, сирење за преработка, зеленчук за преработка, овошни пиреа, пасти и концентрати, итн.); масти за технички цели за индустриска преработка; итн.

Во Прилог 2 на оваа упатство се наведени тарифни подброеви за индустриски производи (Глава 25 до 97) од Царинската тарифа за кои наименуванието е со опис на крајната употреба и означено со фуснота: "Распоредувањето во овој тарифен подброј е во зависност од условите пропишани со определени прописи (види член 207 до 215 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија број 66/2005) и нејзините дополнителни измени)". Со овие тарифни подброеви се опфатени: стока за производство на лекови; стока за индустриска монтажа; делови и прибор за моторни возила за индустриско склопување; стока за производство на дефинирани готови производи; итн.

**Стоката**, која се распоредува во тарифен подброј (со специфично наименување за крајна употреба и означен со фуснота) **наведен во Прилог 1 или 2** за кој **е пропишана помала царинска давачка** од онаа која поинаку би се применила (доколку стоката се распореди во тарифен подброј на исто ниво на расчленовање со опис на наименување без крајна употреба), **ќе се пушти во слободен промет само ако се исполнети условите наведени во дел А-7-2-1 на оваа упатство**. Тоа значи дека е **потребно да се поседува одобрение** за употреба на царинска постапка со крајна употреба и во овој случај се применуваат одредбите на членовите 207 до 215 од Уредбата. *Види пример 1 од дел А-7-2-4 на ова упатство.*

**Во спротивно**, **ако царинската давачка** за стока која се распоредува во тарифен подброј со наименување за крајна употреба и соодветна фуснота (од Прилог 1 или 2) **не е помала** од царинската давачка доколку стоката се распореди во тарифен подброј на исто ниво на расчленовање со опис на наименување без крајна употреба, **стоката ќе се пушти** во слободен промет **без исполнување на условите наведени во дел А-7-2-1** на оваа упатство. Тоа значи дека **стоката ќе остане распоредена во тар. подброј** со наименување за крајна употреба и соодветна фуснота (наведен во Прилог 1 или 2) **без да биде потребно да се поседува одобрение** за употреба на царинска постапка со крајна употреба и во овој случај не се применуваат одредбите на членовите 207 до 215 од Уредбата. *Види пример 2 од дел А-7-2-4 на ова упатство.*

**ЗАКЛУЧОК:**

**Во табелата која следи се наведени тар. подброеви** со наименување за крајна употреба **со помали царински давачки** (дел од тар. подброеви наведена во Прилог 1 или 2 на ова упатство) **за кои е потребно одобрение** за употреба на царинска постапка со крајна

употреба. **За тар. подброеви кои не се наведени во табелата** која следи, а се наведени Прилог 1 или 2 на ова упатство, **не е потребно одобрение** за крајна употреба (не се применуваат одредбите на членовите 207 до 215 од Уредбата, бидејќи не се со помали царински давачки)

**Табела**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 0406 90 01 00 | 2008 70 92 10 | 3920 62 13 00 | 8708 50 90 10 |
| ex 0701 90 10 00 (Само за млад компир во период од 01 јануари до 30 јуни) | 2008 80 90 10 | 8407 33 10 00 | 8708 60 10 00 |
| | 2008 92 92 10 | 8407 34 10 00 | 8708 60 99 10 |
| | 2009 11 99 10 | 8407 90 50 00 | 8708 70 10 00 |
| 1003 00 90 10 | 2009 19 98 10 | 8408 20 10 00 | 8708 80 10 00 |
| 2007 99 10 00 | 2009 29 99 10 | 8412 39 00 10 | 8708 91 10 00 |
| 2007 99 31 10 | 2009 39 39 10 | 8428 10 20 10 | 8708 92 10 00 |
| 2007 99 33 10 | 2009 49 99 10 | 8428 10 80 10 | 8708 93 10 00 |
| 2007 99 35 10 | 2009 80 96 10 | 8708 10 10 00 | 8708 94 10 00 |
| 2007 99 39 10 | 2009 80 97 10 | 8708 21 10 00 | 8908 00 00 00 |
| 2007 99 98 10 | 2009 90 49 10 | 8708 29 10 00 | 9602 00 00 10 |
| 2008 20 90 10 | 2009 90 59 10 | 8708 31 10 00 | |
| 2008 30 90 10 | 2103 90 90 30 | 8708 39 10 00 | |
| 2008 40 90 10 | 3402 90 10 10 | 8708 40 10 00 | |
| 2008 50 92 10 | 3920 10 23 00 | 8708 40 90 10 | |
| 2008 60 70 10 | 3920 62 11 00 | 8708 50 10 00 | |

### А-7-2-2-2 Цивилни воздухоплови и стока за употреба во цивилни воздухоплови

Со Царинската тарифа е предвидено ослободување од плаќање на царински давачки за:

- цивилни воздухоплови,
- определена стоки за употреба во цивилни воздухоплови и за вградување во нив заради нивно производство, поправка, одржување, доработка, измена или пренамена,
- земски тренажери за летање и нивни делови, за цивилна употреба.

Како цивилни воздухоплови се сметаат воздухоплови, освен воздухоплови кои се употребуваат за воени или слични цели во Република Македонија и кои имаат воена или не-цивилна регистрација.

Изразот "за употреба во цивилни воздухоплови" ги опфаќа сите стоки за употреба во земските тренажери за летање за цивилна употреба.

Во Прилог 3 на оваа упатство се наведени тарифни броеви и тарифни подброеви за цивилните воздухоплови и за стоката за употреба во цивилни воздухоплови кои се ослободени од плаќање.

Ако за **тарифниот подброј** кој што е наведен во Прилог 3 со царинската тарифа е пропишана царинска давачка, односно **царинската давачка не е "сл",** цивилниот воздухоплов или стоката за употреба во цивилни воздухоплови која се распоредува во овој тарифен подброј **ќе се пушти во слободен промет** само **ако се исполнети условите наведени во дел А-7-2-1 на оваа упатство**. Тоа значи дека **е потребно да се поседува одобрение** за употреба на царинска постапка со крајна употреба и во овој случај се применуваат одредбите на членовите 207 до 215 од Уредбата. *Види пример 3 од дел А-7-2-4 на ова упатство*

Во спротивно, ако за **тарифниот подброј** во кој се распоредува цивилниот воздухоплов или стоката за употреба во цивилни воздухоплови (наведен во Прилог 3) со Царинската тарифа **е пропишана царинска стапка "сл"** предметната **стока ќе се пушти во слободен** промет **без исполнување на условите наведени во дел А-7-2-1** на оваа упатство. Тоа значи дека **не е**

**потребно да се поседува одобрение** за употреба на царинска постапка со крајна употреба и во овој случај не се применуваат одредбите на членовите 207 до 215 од Уредбата. *Види пример 4 од дел А-7-2-4 на ова упатство*

### А-7-2-3 Повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзината крајна употреба согласно други прописи различни од Законот за царинска тарифа

Со Договорите/Спогодбите за слободна трговија се предвидени одредени преференцијални повластувања (помала царина или царина "сл") во зависност од крајната употреба на стоката. Ова повластување се применува со задолжително приложување на доказ за преференцијално потекло пропишан со соодветниот Договор/Спогодба за слободна трговија .

**Стоката ќе се пушти во слободен промет,** со помала царина или царина "сл", во зависност од крајната употреба на стоката само **ако се исполнети условите наведени во дел А-7-2-1 на оваа упатство**. Тоа значи дека **е потребно да се поседува одобрение** за употреба на царинска постапка со крајна употреба и во овој случај се применуваат одредбите на членовите 207 до 215 од Уредбата

Во табелата која следи се наведени тарифните ознаки и соодвениот Договор/Спогодба за слободна трговија со кои е превидено вакво преференцијално повластување.

**Табела**

| **Тарифна ознака** | **Договорите/Спогодбите за слободна трговија со** |
|---|---|
| 3920 43 10 00 | **ТУРЦИЈА** |

### А-7-2-4 Примери за повластен тарифен третман за одредена стока заради нејзината крајна употреба

*Пример 1*

Се бара да се пушти во слободен промет површински активен препарат со над 60% активна материја, за употреба во индустријата.

*Извадок од царинката тарифа:*

| | | |
|---|---|---|
| | – – Површински активни препарати: | |
| 3402 90 10 10 | – – – Над 60% активна материја, за употреба во индустријата ([1]) ........ | сл |
| 3402 90 10 90 | – – – Друго ........ | 20,6 |

Тарифната ознака 3402 90 10 10 со наименување за крајна употреба и соодветна фуснота е со царинска давачка "сл", а тарифната ознака 3402 90 10 90 во која би се распоредил препаратот ако не е се употребува во индустријата е со царинска стапка "20,6%".

Препаратот, распореден во тар. ознака 3402 90 10 10, ќе се пушти во слободен промет доколку се исполнети условите наведени во дел А-7-2-1 на оваа упатство, односно потребно е да се поседува одобрение за употреба на царинска постапка со крајна употреба и одредбите на членовите 207 до 215 од Уредбата ќе се применуваат.

*Пример 2*

Се бара да се пушти во слободен промет стеарин за индустриска употреба.

*Извадок од царинката тарифа:*

| | | |
|---|---|---|
| | – Стеарин и олеостеарин : | |
| 1503 00 11 00 | – – За индустриска употреба([1]) ........ | 5 |
| 1503 00 19 00 | – – Друго ........ | 5 |

([1]) Распоредувањето во овој тарифен подброј е во зависност од условите пропишани со определени прописи (види член 207 до 215 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија број 66/2005) и нејзините дополнителни измени).

Тарифната ознака 1503 00 11 00 со наименување за крајна употреба и соодветна фуснота е со царинска давачка "5%", а тарифната ознака 1503 00 19 00 во кој би се распоредил стеаринот ако не е се употребува во индустријата е исто така со царинска стапка "5%".

**Стеаринот**, распореден во тар. ознака 1503 00 11 00 (за индустриска употреба), **ќе се пушти** во слободен промет **без исполнување на условите наведени во дел А-7-2-1** на оваа упатство. Тоа значи дека стеаринот за индустриска употреба ќе остане распореден во тар. ознака 1503 00 11 00 без да биде потребно да се поседува одобрение за употреба на царинска постапка со крајна употреба, а одредбите на членовите 207 до 215 од Уредбата не се применуваат.

*Пример 3*

Се бара да се пушти во слободен промет радиотелефонски апарат за употреба во цивилен воздухоплов.

*Извадок од царинкаҭа ҭарифа:*

| | | |
|---|---|---|
| 8525 10 | – Предаватели: | |
| 8525 10 20 00 | – – Радиотелеграфски или радиотелефонски апарати ........................................................................ | 1 |

Тарифната ознака 8525 10 20 00 во која се распоредува радиотелефонскиот апарат е со царинска давачка "1%".

Бидејќи за тар. ознака 8525 10 20 00 е пропишана царинска давачка од 1%, радиотелефонскиот апарат деклариран за употреба во цивилен воздухоплов ќе се пушти во слободен промет доколку се исполнети условите наведени во дел А-7-2-1 на оваа упатство, односно потребно е да се поседува одобрение за употреба на царинска постапка со крајна употреба и одредбите на членовите 207 до 215 од Уредбата ќе се применуваат.

*Пример 4*

Се бара да се пушти во слободен промет печатар за употреба во цивилен воздухоплов.

*Изваҭок од царинкаҭа ҭарифа:*

| | | |
|---|---|---|
| 8471 60 20 00 | – – Печатари ........................................................................................................................ | сл |

Тарифната ознака 8471 60 20 00 во која се распоредува печатарот е со царинска давачка "сл".

Бидејќи тар. ознака 8471 60 20 00 е без царинска давачка (цар. давачка "сл"), печатарот деклариран за употреба во цивилен воздухоплов ќе се пушти во слободен промет без исполнување на условите наведени во дел А-7-2-1 на оваа упатство. Тоа значи дека не е потребно да се поседува одобрение за употреба на царинска постапка со крајна употреба, а одредбите на членовите 207 до 215 од Уредбата не се применуваат.

## А-7-2-5 Одобрение за употреба на царинска постапка со крајна употреба

### А-7-2-5-1 Услови за издавање на одобрение

Подносителот на барањето мора да ги исполнува услови од став 1 на член 209 од Уредбата, а посебно:

- да врши производство кое истовремено овозможува и преработка на стоката за пропишаната крајна употреба;
- да ги дава сите гаранции потребни за правилно извршување на операциите;
- да ја прифати обврската за целата или за дел од стоката за да ја одредни незината пропишана крајна употреба или да ја пренесе стоката и да обезбеди доказ дека одредувањето или пренесувањето се во согласност со важечките прописи;
- да не превзема дејствија кои се во спротивност со одредената цел на пропишаната крајна употреба;

- да ја извести службата за надзор на иматели на одобренија за сите фактори (активности и околности) кои може да влијаат на одобрението;
- да води и чува уредна евиденција за стоката.

За издавање на одобрение, **не е потребно** подносителот на барањето да приложи **банкарска гаранција**, освен во исклучителни ситуации кога службата за надзор на иматели на одобренија смета дека е тоа потребно.

**А-7-2-5-2 Лица кои можат да добијат одобрение**

Одобрение за крајна употреба може да се издаде на секое правно лице кое во Република Македонија има регистрирано седиште согласно со закон (член 4 од Царинскиот закон), кое ги исполнува услови наведени во дел **А-7-2-5-1 на оваа упатство** и кое во секој момент може да обезбеди на барање на царинскиот орган ефикасна евиденција.

Одобрението може да биде дадено не само на лица кои делумно или целосно ја ставаат стоката во пропишаната крајна употреба, туку исто така и на лица кои ја пренесуваат стоката на друго овластено лице-оператор (извршител на производствени операции) во согласност со член 212 од Уредбата.

Лицето на кое е дадено одобрението (имател на одобрение) ја презема одговорноста да ја стави стоката во пропишана крајна употреба.

Имателот на одобрение не мора задолжително да биде и сопственик на стоката.

**А-7-2-5-3 Барање за издавање на одобрение**

**Освен во посебни околности (исклучителни случаи),** кога царинската декларација претставува истовремено и барање за одобрение (став 3 од член 208 од Уредбата), за да се добие одобрение потребно е да се достави посебно барање чиј образец е даден во Прилог 27 од Уредбата. Образецот е изработен на таков начин за да ги опфати царинските постапки со економски ефект и постапката со крајна употреба.

Барањето се поднесува до надлежната царинарница според местото каде што се води книговодството и барем еден дел од операциите, опфатени во одобрението. Во случај кога местото на водењето на книговодството и извршувањето на операциите се разликуваат, барањето се поднесува до царинарницата надлежна според местото на извршување на операциите.

**А-7-2-5-4 Видови на одобренија**

За одобрување на употреба на царинска постапка со крајна употреба се носат два вида на одобренија и тоа:

- претходно одобрение - одобрение кое што се бара пред увозот, и
- одобрение кое што се бара заедно со царинската декларација.

**А-7-2-5-4-1 Претходно одобрение**

Овој вид на одобрение најчесто (редовно) се применува за одобрување на царинска постапка со крајна употреба.

Претходното одобрение го издава службата за надзор на иматели на одобренија во рамките на надлежната царинарницата каде е поднесено барањето во согласност со дел А-7-2-5-3 на ова упатство.

Барањето за одобрение се евидентира кај надлежната царинарница. Ако е некомплетно, на подносителот на барањето му се испраќа барање за дополнување.

Службата за надзор на иматели на одобренија за барањето одлучува во рок од 30 дена по приемот на комплетното барање.

При одлучувањето се проверува дали се исполнети условите за издавање на одобрението според наведеното во Дел А-7-2-5-1 и А-7-2-5-2 на ова упатство

Одобрението мора да содржи редослед и текст на насловите на точките како што е наведено во Прилогот 27 од Уредбата (Прилог 4 на ова упатство).

Службата за надзор на иматели на одобренија одобрението му го доставува на подносителот на барањето. Копија од одобрението доставува и до одделението за котрола и ревизија во состав на секторот за контрола и истраги при Царинската управа.

**А-7-2-5-4-2 Одобрение кое што се бара заедно со царинската декларација**

Одобрени кое што се бара заедно со царинската декларација, царинската испостава **може да го донесе во посебни околности (исклучителни случаи)** кога ќе оцени дека може да го спроведува царинскиот надзор над стоката и дека се исполните сите услови пропишани со Законот и Уредбата за издавање наваково одобрение. *Како пример за вакво одобрување е увоз на определена стока за употреба во цивилни воздухоплови, која многу ретко се увезува.*

Во овој случај, царинската декларација (ЕЦД) за пуштање во слободен промет може да претставува во исто време и барање за одобрување на крајна употреба во следниве случаи:

- кога во барањето е вклучена само една надлежна царинарница;
- кога подносителот на барањето на целокупната стока декларирана со царинската декларација ќе и додели пропишана крајна употреба;
- кога подносителот на барањето ги дава сите гаранции потребни за правилно извршување на операциите

Ако следниве податоци не се наведени во царинската декларација, истите се наведуваат на посебен документ (барање) според примерокот на образецот од Прилог 4 на ова упатство:

- назив и адреса на подносителот на барањето, декларантот и операторот (извршителот на производствени операции);
- вид на крајна употреба на стока;
- технички опис на стоката и на производите добиени како резултат на крајната употреба како и начинот и средствата за нивна идентификација;
- предвиден норматив или методот (начинот) за утврдување на тој норматив;
- превиден рок во кој на стоката и се одредува нејзината крајна употреба;
- местото (локација) каде што стоката се става во нејзина крајна употреба.

Приемот на царинската декларација е истовремено и прием на барањето.

При проверката на царинската декларација се проверува и исполнување на условите за издавање на одобрението според наведеното во Дел А-7-2-5-1 и А-7-2-5-2 на ова упатство.

Утврдувањето на царинската декларација истовремено значи и издавање на одобрение.

**А-7-2-5-5 Важност на одобрението**

Одобрението важи од денот на издавање или некој друг датум наведен во одобрението. При тоа, важноста не смее да биде подолга од три години.

**А-7-2-5-6 Продолжување или измена на одобрението**

Службата за надзор на иматели на одобренија може да одобри продолжување или измена на одобрението со едноставно писмено барање или со барање според примерокот на образецот на барањето за издавање на одобрение. Кон барањето се доставува оригиналот на одобрението. Барањето се евидентира во надлежната царинарницата.

Продолжувањето или измената на одобрението се врши со забелешка во барањето. Дополнително на оригиналното одобрение се запишува забелешката: "*Продолжен рок до*

______________" или забелешката: "*Измена на точката ___ од одобрението __________________*". На двете забелешки се додаваат број од управната постапка, датум на одлучување, печат и потпис.

### A-7-2-6 Пренесување на стока во согласност со член 212 од Уредбата

#### A-7-2-6-1 Пренесување на стока на различни места

Заради исполнување на обврските од одобрението (крајната употреба на стоката), кога фазите на обработка на стоката тоа го налагаат, имателот на одобрението може да ја пренесува стоката на различни места во Македонија. Тоа пренесување се вршува без царински формалности доколку во одобрението се наведени тие места и е одобрено вакво поедноставување на пренесување без царински формалности.

Барателот на одобрението, поедноставувањето на пренесување без царински формалности и местата каде ќе се пренесува стоката ги наведува во барањето за издавање на одобрение за крајна употреба.

#### A-7-2-6-2 Пренесување на стока помеѓу двајца иматели на одобрение

Пренесувањето на стоката помеѓу двајца иматели на одобрение се врши без царински формалности.

Испраќачот на стоката (имател на одобрение) е должен, за преносот на стоката до друг имател на одобрение (примач на стоката), да ја извести службата за надзор на иматели на одобренија, согласно условите и обврските наведени во одобрението. Испраќачот (имател на одобрение) се ослободува од неговите обврски под услов примачот (имател на одобрение) да ја примил стоката и да е известен дека стоката за која се пренесуваат обврските е предмет на царински надзор за крајна употреба.

Примачот на стоката, е должен да ја извести службата за надзор на иматели на одобренија дека стоката ја примил од друг имател на одобрение (испраќач на стоката), согласно условите и обврските наведени во одобрението. Со приемот на стоката, примачот (имател на одобрение) станува одговорен за обврските наведени во одредбите на členовите 207 до 215 од Уредбата.

### A-7-2-7 Поединости при пополнување на царинската декларација (ЕЦД) кога се користи царинска постапка со крајна употреба

Царинската декларација се пополнува согласно Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат.

Се пополнуваат сите рубрики, на ист начин, како и при пуштање на стоката во слободен промет. При пополнување на царинската декларација, кога се користи царинска постапка со крајна употреба, посебно треба да се внимава на следниве рубрики:

- втора подрубрика на рубрика 1 (Декларација) - шифра 4
- рубрика 24 (Природа на трансакцијата) - најчесто шифра 11
- рубрика 36 (Преференцијали):
  - шифра 115 (erga omnes автономно тарифно одложување (намалување или укинување на царинските давачки) во зависност од крајната употреба на стоката);
  - шифра 123 (тарифна квота, различна од преференцијалната, во зависност од крајната употреба на стоката (*некои тарифни квоти се одобруваат во зависност од крајната употреба на стоката, а согласност со член 95 од Законот*);
  - шифра 140 (одложување (укинување или намалување) на царината во зависност од крајната употреба на стоката. **Оваа шифра се употребува за стоката опфатена во Дел A-7-2-2 од ова упатство** (повластен тарифен третман за

определена стока заради нејзината крајна употреба пропишан со Законот за царинска тарифа);

- шифра 315 (преференцијални договори - тарифно одложување (намалување или укинување на царинските давачки) со точно определена крајна употреба. **Оваа шифра се употребува за стоката опфатена во Дел А-7-2-3 од ова упатство**);
- шифра 323 (преференцијална тарифна квота во зависност од крајната употреба на стоката);

• рубрика 37 (Постапка) - шифра 40;

• рубрика 44 (Дополнителни информации, приложени документи, потврди и одобренија):

  - во случај на претходно одобрение, во оваа рубрика од декларацијата се запишува шифрата "Е41" - шифра на царинарницата/број на одобрението/година;
  - во случај на издавање на одобрение кое било побарано заедно со царинската декларација, во оваа рубрика од декларацијата како и на документот пополнет согласно образецот од прилог 5 се запишува шифрата "Е45" - шифра на царинската испостава/број на ЕЦД/година на регистрација на ЕЦД.

• рубрика 47 (пресметка на давачки) - царинската давачка се пресметува според царината што важи за конкретниот тарифен подброј, почитувајќи ги евентуалните поволности.

Царинскиот работник во рубрика "S" од царинската декларација го запишува рокот во кој мора да се исполни обврската од одобрението. Рокот се запишува во форма ДДММГГ (*на пример, во одобрението е наведен рокот до 9.11.2006 година да се исполни обврската за крајна употреба, во рубриката "S" рокот ќе биде наведен како "091106"*).

## А-7-2-8 Исполнување на обврските од одобрението

### А-7-2-8-1 Завршување на постапката со крајна употреба

Постапката на пуштање на стоката во слободен промет која е предмет на царински надзор во однос на крајната употреба завршува со исполнувањето на условите од одобрението. Службата за надзор на иматели на одобренија, покрај издавањето на одобрение за крајна употреба, во издаденото одобрение одобрува и пренос на стоката на друг имател на одобрение, извоз на непреработената стока или нејзино уништување.

Нормално стоката од член 207 став 1 од Уредбата останува под царински надзор и подлежи на увозни давачки (став 1 (а) и (б) на член 215) се додека за првпат не и се одреди пропишаната крајна употреба, не се извезе, уништи или употреби на друг начин согласно членовите 213 и 214 од Уредбата.

Првото одредување на пропишана крајна употреба само по себе не значи дека постапката со крајна употреба е завршена. Со одредување на пропишана крајна употреба постапката е завршена само во случај каде стоката не е погодна за повторна употреба или кога службата за надзор на иматели на одобренија одлучила дека царинскиот надзор нема да продолжи по датумот кога е одредена пропишаната крајна употреба.

Меѓутоа, кога стоката може да се употребува повеќе пати, царинскиот надзор може да се продолжува за период кој не надминува две години од денот на првото одредување на крајната употреба. Продолжување на царинскиот надзор е можно само кога службата за надзор на иматели на одобренија смета дека тоа е потребно за да се избегнат злоупотреби. Одлучувањето за ова зависи од случај до случај и тоа треба да бидат резултат од анализа на ризикот. За време на продолжениот период на царински надзор стоката условно подлежи на увозни давачки, а царинскиот долг може да настане во согласност со членовите 219 и 223 од Царинскиот закон, а имателот на одобрението за крајна употреба би станал должник.

Со цел да се обезбеди законска сигурност, соодветното одобрение треба да содржи поединости кои се однесуваат на моментот кога царинскиот надзор престанува. Ова не е

потребно кага стоката не може да се употреби повеќе пати и крајот на царинскиот надзор е веќе очигледен (на пример, коњи за колење).

Отпадоците и остатоците кои се резултат на обработка или преработка на стоката и загубите кои се должат на природно трошење се сметаат за стока на која и е одредена пропишана крајна употреба.

**A-7-2-8-2 Контрола на обврските од одобрението**

Известувањето за исполнување на обврските од одобрението, имателот на одобрението го врши само на барање на службата за надзор на иматели на одобренија и одделението за котрола и ревизија во состав на секторот за контрола и истраги при Царинската управа.

Оодделението за котрола и ревизија, го проверува исполнувањето на условите од одобрението со проверка на евиденцијата и стоката.

**A-7-2-8-3 Царински долг**

Во случај, кога не е исполнета една од обврските која што важи за стоката ставена во постапка со крајна употреба, настанува царински долг во согласност со одредбите на член 219 став (1) точка (а) од Царинскиот закон. Тој настанува во случај кога стоката се пренесува во друга царински дозволена употреба наведена во одобрението, во моментот кога се врши тој пренос.

Во случај кога не е исполнет еден од условите за ставање на стоката во царинска постапка со крајна употреба, или не е исполнето одобрувањето за намалена увозна давачка или давачка нула заради крајната употреба на стоката, во согласност со одредбите на член 219 став (2) од Царинскиот закон, настанува царински долг во моментот кога стоката била ставена во царинска постапка со крајна употреба. Притоа, соодветно се применува одредбата од член 223 од Царинскиот закон, кој одредува долгот да се пресмета на таков начин што износот платен кога стоката била пуштена во слободен се одзема од износот на царинскиот долг.

Царинскиот долг се пресметува на барање на имателот на одобрението или по службена должност со решение за дополнителна наплата.

## А-7-3 ПОВЛАСТЕН ТАРИФЕН ТРЕТМАН ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВИДОТ (ПРИРОДАТА) НА СТОКАТА

Повластен тарифен третман во зависност од видот (природата) на стоката се одобрува за:

- стока непогодна за исхрана,
- семиња,

Тарифните подброеви за оваа стока се следниве: 0408 11 20 00, 0408 19 20 00, 0408 91 20 00, 0408 99 20 00, 0701 10 00 00, 0712 90 11 00, 1001 90 10 00, 1001 90 91 00, 1002 00 00 10, 1003 00 00 10, 1004 00 00 10, 1005 10 11 00, 1005 10 13 00, 1005 10 15 00, 1005 10 19 00, 1005 10 90 00, 1006 10 10 00, 1007 00 10 00, 1008 90 90 10, 1106 20 10 00, 1201 00 10 00, 1202 10 10 00, 1204 00 10 00, 1205 10 10 00, 1206 00 10 00, 1207 10 10 00, 1207 20 10 00, 1207 30 10 00, 1207 40 10 00, 1207 50 10 00, 1207 60 10 00, 1207 91 10 00, 1207 99 20 00, 2501 00 51 00, 3102 50 10 00, 3502 11 10 00, 3502 19 10 00, 3502 20 10 00, 3502 90 20 00.

Овие тарифни подброеви во Номенклатурата на Царинската тарифа се опфатени со следнава фуснота: "Распоредувањето во овој тарифен подброј е во зависност од условите пропишани во Дел II под В, од воведните забелешки".

Стоката може да се распореди во соодветен тарифен подброј како стока непогодна за исхрана доколку е денатурирана со употреба на денатурант во соодветна количина како што е предвидено во Анекс 1 на Царинската тарифа. Оваа стока се смета непогодна за исхрана кога стоката што треба да бидат денатурирана и денатурантите се измешани заедно и нивното раздвојување е економски неисплатливо.

Семињата ќе бидат распоредени во соодветните тарифни подброеви под услов, кон царинската декларација да е приложена дозвола за увоз од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ПРИЛОГ 1 Тарифни подброеви за земјоделски производи (Глава 1 до 24) од Царинската тарифа за кои наименуванието е со опис на крајната употреба и означено со фуснота**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 0101 90 11 00 | 0303 45 11 00 | 1508 90 10 00 | 1605 30 10 00 |
| 0206 10 10 00 | 0303 45 13 00 | 1511 10 10 00 | 1701 11 10 00 |
| 0206 29 10 00 | 0303 45 19 00 | 1511 90 91 00 | 1701 12 10 00 |
| 0206 80 10 00 | 0303 46 11 00 | 1512 11 10 00 | 2007 99 10 00 |
| 0206 90 10 00 | 0303 46 13 00 | 1512 19 10 00 | 2007 99 31 10 |
| 0302 31 10 00 | 0303 46 19 00 | 1512 21 10 00 | 2007 99 33 10 |
| 0302 32 10 00 | 0303 49 31 00 | 1512 29 10 00 | 2007 99 35 10 |
| 0302 33 10 00 | 0303 49 33 00 | 1513 11 10 00 | 2007 99 39 10 |
| 0302 34 10 00 | 0303 49 39 00 | 1513 19 30 00 | 2007 99 98 10 |
| 0302 35 10 00 | 0303 79 21 00 | 1513 21 10 00 | 2008 20 90 10 |
| 0302 36 10 00 | 0303 79 23 00 | 1513 29 30 00 | 2008 30 90 10 |
| 0302 39 10 00 | 0303 79 29 00 | 1514 11 10 00 | 2008 40 90 10 |
| 0302 69 21 00 | 0303 80 10 00 | 1514 19 10 00 | 2008 50 92 10 |
| 0303 41 11 00 | 0406 90 01 00 | 1514 91 10 00 | 2008 60 70 10 |
| 0303 41 13 00 | 0701 90 10 00 | 1514 99 10 00 | 2008 70 92 10 |
| 0303 41 19 00 | 0709 60 91 00 | 1515 19 10 00 | 2008 80 90 10 |
| 0303 42 12 00 | 0709 60 95 00 | 1515 21 10 00 | 2008 92 92 10 |
| 0303 42 18 00 | 0709 90 31 00 | 1515 29 10 00 | 2009 11 99 10 |
| 0303 42 32 00 | 0711 20 10 00 | 1515 30 10 00 | 2009 19 98 10 |
| 0303 42 38 00 | 1003 00 90 10 | 1515 50 11 00 | 2009 29 99 10 |
| 0303 42 52 00 | 1003 00 90 20 | 1515 50 91 00 | 2009 39 39 10 |
| 0303 42 58 00 | 1501 00 11 00 | 1515 90 21 00 | 2009 49 99 10 |
| 0303 43 11 00 | 1502 00 10 00 | 1515 90 31 00 | 2009 80 96 10 |
| 0303 43 13 00 | 1503 00 11 00 | 1515 90 40 00 | 2009 80 97 10 |
| 0303 43 19 00 | 1503 00 30 00 | 1515 90 60 00 | 2009 90 49 10 |
| 0303 44 11 00 | 1507 10 10 00 | 15 16 20 95 00 | 2009 90 59 10 |
| 0303 44 13 00 | 1507 90 10 00 | 1518 00 31 00 | 2103 90 90 30 |
| 0303 44 19 00 | 1508 10 10 00 | 1518 00 39 00 | |

**ПРИЛОГ 2 Тарифни подброеви за индустриски производи (Глава 25 до 97) од Царинската тарифа за кои наименуванието е со опис на крајната употреба и означено со фуснота**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 3920 10 23 00 | 8408 10 61 00 | 8708 50 10 00 |
| 2501 00 31 00 | 3920 62 11 00 | 8408 10 71 00 | 8708 50 90 10 |
| 2707 10 90 00 | 3920 62 13 00 | 8408 10 81 00 | 8708 60 10 00 |
| 2707 20 90 00 | 3920 99 53 00 | 8408 10 91 00 | 8708 60 99 10 |
| 2707 30 90 00 | 4408 10 91 00 | 8408 20 10 00 | 8708 70 10 00 |
| 2707 50 90 00 | 4408 39 70 00 | 8412 39 00 10 | 8708 80 10 00 |
| 2707 99 91 00 | 4408 90 35 00 | 8414 10 20 00 | 8708 91 10 00 |
| 2711 12 19 00 | 7801 99 10 00 | 8428 10 20 10 | 8708 92 10 00 |
| 2713 90 10 00 | 8407 33 10 00 | 8428 10 80 10 | 8708 93 10 00 |
| 2909 30 35 00 | 8407 34 10 00 | 8443 59 40 00 | 8708 94 10 00 |
| 3402 90 10 10 | 8407 90 50 00 | 8708 10 10 00 | 8708 99 11 00 |
| 3501 10 10 00 | 8408 10 11 00 | 8708 21 10 00 | 8708 99 19 00 |
| 3501 10 50 00 | 8408 10 22 00 | 8708 29 10 00 | 8908 00 00 00 |
| 3702 31 91 00 | 8408 10 26 00 | 8708 31 10 00 | 9602 00 00 10 |
| 3824 90 61 00 | 8408 10 31 00 | 8708 39 10 00 | |
| 3901 20 10 00 | 8408 10 41 00 | 8708 40 10 00 | |
| 3906 90 50 00 | 8408 10 51 00 | 8708 40 90 10 | |

**ПРИЛОГ 3 Тарифни броеви и тарифни подброеви за цивилните воздухоплови и стока за употреба во цивилни воздухоплови кои се ослободени од плаќање на царински давачки**

3917 40, 4011 30, 4012 13, 4012 20, 6812 90, 7324 10, 7326 20, 8302 10, 8302 20, 8302 42, 8302 49, 8302 60, 8407 10, 8408 90, 8409 10, 8411, 8412 10, 8412 21, 8412 29, 8412 31, 8412 39, 8412 80 80, 8412 90, 8413 19, 8413 20, 8413 30, 8413 50, 8413 60, 8413 70, 8413 81, 8413 91, 8414 10, 8414 20, 8414 30, 8414 51, 8414 59, 8414 80, 8414 90, 8415 81, 8415 82, 8415 83, 8418 10, 8418 30, 8418 40, 8418 61, 8418 69, 8419 50, 8419 81, 8421 19, 8421 21, 8421 23, 8421 29, 8421 31, 8421 39, 8424 10, 8425 11, 8425 19, 8425 31, 8425 39, 8425 42, 8425 49, 8426 99, 8428 10, 8428 20, 8428 33, 8428 39, 8428 90, 8471 10, 8471 41, 8471 49, 8471 50, 8471 60, 8471 70, 8479 90, 8483 10, 8483 30, 8483 40, 8483 50, 8483 60, 8483 90, 8484 10, 8484 90, 8501 32, 8501 52, 8501 61, 8501 62, 8501 63, 8502, 8504 10, 8504 31, 8504 32, 8504 33, 8504 40, 8504 50, 8507, 8511 10, 8511 20, 8511 30, 8511 40, 8511 50, 8511 80, 8518 10, 8518 21, 8518 22, 8518 29, 8518 30, 8518 40, 8518 50, 8520 90, 8521 10, 8525 10 20, 8526, 8529 10, 8531 10, 8531 20, 8531 80, 8539 10, 8544 30, 8801, 8802 11, 8802 12, 8802 20, 8802 30, 8802 40, 8803 10, 8803 20, 8803 30, 8805 29, 9001 90, 9002 90, 9014 10, 9014 20, 9025, 9026, 9029 20 38, 9030 10, 9030 20, 9030 31, 9030 39, 9030 40, 9030 83, 9030 89, 9030 90, 9031 80, 9032, 9104, 9403 20, 9403 70.

За следниве тарифни подброеви, ослободувањето од плаќање на царински давачки за употреба во цивилни воздухоплови е предвидено само за стоката наведена во колоната 2:

| Тарифен подброј | Опис |
|---|---|
| 3917 21 90 00, 3917 22 90 00, 3917 23 90 00, 3917 29 90 00, 3917 31, 3917 33, 3917 39 90 00, 7413 00, 8307 10, 8307 90 | Со додатна опрема |
| 4008 29 | Профилни форми, сечени по големина |
| 4009 12, 4009 22, 4009 32, 4009 42 | Погодни за спроведување на гасови или течности |
| 3926 90, 4016 10, 4016 93, 4016 99 | За техничка употреба |
| 4504 90, 4823 90 | Затнувачи и други пломби |
| 6813 10, 6813 90 | Со основа од азбест или други минерални материи |
| 7007 21 | Ветробрани, неврамени |
| 7312 10, 7312 90 | Со додатна опрема, или изработени во готови производи |
| 7322 90 | Авио греачи и дистрибутери на топол воздух (исклучувајќи делови за нив) |
| 7324 90 | Санитарни предмети (исклучувајќи и делови за нив) |
| 7304 31, 7304 39, 7304 41, 7304 49, 7304 51, 7304 59, 7304 90, 7306 30, 7306 40, 7306 50, 7306 60, 7608 10, 7608 20 | Со додатна опрема, погодни за спроведување на гасови или течности |
| 8108 90 | Цевки со вграден прибор, погодни за спроведување на гасови и течности |
| 8415 90 | На машини за разладување од тар. подброеви 8415 81, 8415 82 или 8415 83 |
| 8419 90 | Делови на топло изменливи единици |
| 8479 89 | Хидропневматски акумулатори; механички уреди за менување на насоката на притисокот; специјално обликувани тоалетни единици; овлажувачи и осушувачи на воздух; неелектрични сервомеханизми; неелектрични покренувачи (стартери) за мотори; пневматски покренувачи за турбо-млазни мотори, турбопропелерни мотори и други гасни турбини; неелектрични брисачи на предните стакла; и неелектрични уреди за подесување на пропелерите |
| 8501 20, 8501 40 | Со моќност што надминува 735 *W* но не надминува 150 *kW* |
| 8501 31 | Со моќност што надминува 735 *W*, *DC* генератори со еднонасочна струја |
| 8501 33 | Мотори со моќност што не надминува 150 *kW* и генератори |
| 8501 34 92, 8501 34 90 | Генератори |

| | |
|---|---|
| 8501 51 | Со моќност што надминува *735 W* |
| 8501 53 | Со моќност што не надминува 150 *kW* |
| 8516 80 | Склопени со изолационен носач-тело и електрични врски за заштита од мраз или за одмрзнување |
| 8522 90 | Склопови и подсклопови, кои се состојат од два или повеќе меѓусебно споени поединечни делови, за апарати од тар. подброј 8520 90 |
| 8525 20 | Радиотелеграфски или радиотелефонски апарати |
| 8527 90 | За радиотелефонија или радиотелеграфија |
| 8529 90 | Склопки и подсклопки, кои се состојат од два или повеќе меѓуспоени поединечни делови за апарати од тар. број 8526 |
| 8543 89 | Флајт рекордери, електрични синхронизери и трансдуктори (магнетени засилувачи), одмрзнувачи и уреди за одмаглување со електрични отпорници |
| 8543 90 | Склопки и подсклопки, кои се состојат од два или повеќе меѓусебно споени поединечни делови, за регистратори на летот |
| 8803 90 90 | Вклучувајќи едрилици |
| 9014 90 | Од инструменти од тар.подброј 9014 10 или 9014 20 |
| 9020 00 | Исклучувајќи делови |
| 9029 10 | Електрични или електронски бројачи на обртите |
| 9029 90 | За бројачи на обртите, покажувачите на брзина и тахометри |
| 9031 90 | Од тар. подброј 9031 80 |
| 9109 19, 9109 90 | Со ширина или дијаметар што не надминува 50 мм |
| 9401 10 | Непревлечени со кожа |
| 9405 10, 9405 60 | Од прости метали или од пластични маси |
| 9405 92, 9405 99 | Делови од производи од тар. подброј 9405 10 или 9405 60 |

## ПРИЛОГ 4 Одобрение за крајна употреба

### ОДОБРЕНИЕ ЗА КРАЈНА УПОТРЕБА

| | |
|---|---|
| | **Број на одобрение** |
| **1. Имател на одобрение**<br><br>Ова одобрение се издава на ваше барање од ден:______________ | **Одобрението е издадено од:** |

| | | |
|---|---|---|
| **2. Царинска постапка** | **3. Вид на барање** | **4. Дополнителни обрасци:** |

**5. Место и вид на книговодство / евиденција**

*6. Рок на важење на одобрението*
*а)*
*б)*

**7. Стока која се става во царинска постапка**

| Тарифна ознака | Опис | Количина | Вредност |
|---|---|---|---|
| | | | |

**8. Добиени или преработени производи**

| Тарифна ознака | Опис | Норматив |
|---|---|---|
| | | |

**9. Податоци за планираните активности**

**10. Економски услови**
*(не се пополнува)*

**11. Царински орган (-и)**
а) за ставање во постапка
б) за завршување
в) надзорен орган
*(не се пополнува)*

**12. Идентификација**

**13. Рок за завршување** (во месеци)

**14. Поедноставени постапки**
*а)*
*б)*
*(не се пополнува)*

**15. Пренесување**

*16. Дополнителни податоци*

На ден: УПРАВНИК НА ЦАРИНАРНИЦА

Име: (М.П.) Потпис

**ПРИЛОГ 5 Барање за издавање на одобрение за крајна употреба**

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА КРАЈНА УПОТРЕБА

| | |
|---|---|
| **1. Подносител на барањето** | **Резервирано за царински цели** |

| | | |
|---|---|---|
| **2. Царинска постапка** | **3. Вид на барање** | **4. Дополнителни обрасци:** *(не се пополнува)* |

**5. Место и вид на книговодство / евиденција**

*6. Рок на важење на одобрението*
*а)*
*б)*

**7. Стока која се става во царинска постапка**

| Тарифна ознака | Опис | Количина | Вредност |
|---|---|---|---|
| | | | |

**8. Добиени или преработени производи**

| Тарифна ознака | Опис | Норматив |
|---|---|---|
| | | |

**9. Податоци за планираните активности**

**10. Економски услови**
*(не се пополнува)*

**11. Царински орган (-и)**
а) за ставање во постапка
б) за завршување
в) надзорен орган
*(не се пополнува)*

**12. Идентификација**

**13. Рок за завршување** (во месеци)

**14. Поедноставени постапки**
*а)*
*б)*
*(не се пополнува)*

**15. Пренесување**

*16. Дополнителни податоци*

*17. Потпис*

Потпис:_____________________ Датум:_____________

Име:_____________________